MACEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 01-855/1
09.05.2025 год./viti

Врз основа на член 12 став (2) точка 12) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23 и 59/25), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Владата на Република Северна Македонија како основач на Технолошки индустриски развојни зони на 09.05.2025 година, го донесе, следниот

# ТАРИФНИК ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ НА КОРИСНИК НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА

## I

| | **Опис на услуга** | **Цена во МКД** |
|---|---|---|
| **1.** | **Годишен паушал за вршење на дејност на корисник за вкупната површина под закуп** | **3,10 МКД/м²** |
| **2.** | **Поединечни услуги** | |
| **2.1** | **Жалба по Решение за престанок со работа на корисник** | **31.000,00 МКД** |
| **2.2** | **Обработка на податоци по број на изготвени Записи за влез и излез во и од ТИРЗ за корисник** | **450,00 МКД/запис** |

*Износите во табелата се дадени без вклучен ДДВ.

## II

1.Наплатата на годишниот паушал од дел I точка 1 од овој тарифник се врши авансно за календарската година (1 јануари – 31 декември), на приходната сметка на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во рок од 15 дена од денот кога корисникот ја примил фактурата во архивата на корисникот. По исклучок, во услови на постоење на пандемија, епидемија, поплава, војна, блокада, бунт, гром, пожар, бура, експлозија, земјотрес, нерасположиви материјали што се набавуваат на слободниот пазар, надоместокот се наплатува во рок од 180 дена од денот кога корисникот ја примил фактурата во архивата на корисникот.

2. Пресметката и наплатата на услугата од дел I потточка 2.2 од овој тарифник се врши збирно за сите записи за влез и излез во и од ТИРЗ доставени од основачот на ТИРЗ за претходниот календарски месец, во рок од 15 дена од денот кога корисникот ја примил фактурата во архивата на корисникот. По исклучок, во услови на постоење на пандемија, епидемија, поплава, војна, блокада, бунт, гром, пожар, бура, експозија, земјотрес, нерасположиви материјали што се набавуваат на слободниот пазар, надоместокот се наплатува во рок од 180 дена од денот кога корисникот ја примил фактурата во архивата на корисникот.

3.Од наплатата на услугата од дел I потточка 2.2 од овој тарифник се ослободуваат Записите за влез/излез во и од ТИРЗ за Стока наменета за испитување, анализирање или тестирање согласно со член 196 точка 8 од Царинскиот закон.

4.Од наплатата на услугата од дел I потточка 2.2 од овој тарифник домашна стока која со вкупен износ на надоместок за извршен промет, без данок на додадена вредност, е еднаков или помал од 60.000,00 денари, како и во случаи при промет на домашна стока наменета за крајна потрошувачка согласно со Законот за данокот на додадена вредност се ослободува од Записите за влез/излез во и од ТИРЗ согласно член 41 од Законот за технолошки индустриски развојни зони.

5.Овој тарифник се применува и за основач на зоната, кога тој се јавува и во својство на корисник во истата зона.

**III**

Со денот на влегувањето во сила на овој тарифник престанува да важи Тарифникот за надоместоци за извршени услуги на корисник на технолошка индустриска развојна зона („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.221/22).

**IV**

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Претседател на Управен одбор
Виолета Самарџиска

-----------------------------